# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ 2024

# ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА КРЕСТОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

## Вовед

Извештајот за Транспарентност за 2024 година претставува јавен показател за нашата посветеност и мотивираност кон обезбедување на високо професионални и квалитетни ревизорски услуги на нашите клиенти во Македонија и странство.

Овој Извештај е подготвен во согласност со член 35 од Законот за ревизија (Сл. Весник на Р.М. бр. 158/10...122/21) како и со Насоките за подготовка на Извештајот за Транспарентност, издадени од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РС Македонија во месец март 2015 година.

Извештајот на јасен и концизен начин ги обелоденува податоците за правната и управувачката структура на Друштвото, членството и описот на глобалната мрежа од која сме дел, друштвата кај кои Друштвото за ревизија Крестон Македонија дооел вршеше ревизија во текот на минатата финансиска година, внатрешниот систем на контрола и квалитет како и остварените финансиски резултати во деловната 2024 година.

## Опис на правната структура и сопственост

Друштвото за ревизија Крестон Македонија дооел (Крестон Македонија) е регистрирано за вршење на ревизија и запишано во Централен Регистар на РМ од 04.02.2022 година, ЕМБС 7569530, под називот ТПМ Аудит дооел. Во април 2022 година друштвото го смени називот од ТПМ Аудит дооел во Крестон Македонија дооел, Скопје, при што во исто време влезе во мрежата на Kreston Global Limited, UK, London.

Друштвото е регистрирано под бр. ДР042 во Регистарот на ИОРРМ.

Друштвото има Лиценца за вршење на работи на ревизија со регистарски број 38 издадена од Советот за Унапредување и Надзор на Ревизијата на ден 17.05.2022 година.

Бројот на вработени во друштвото на 31.12.2024 година изнесува 7 лица. Со состојба на датумот на известување 31.03.2025 година бројот на вработени изнесува 6 лица. Вработените на 31.03.2025 година се на неопределено полно работно време.

Сопственик на друштвото е Ненад Тортевски овластен ревизор и член на Институтот на Овластени Ревизори на Република Македонија (ИОРРМ).

Основната главнина на друштвото изнесува 5,000 ЕУР.

### *Основна дејност:*

Друштвото е регистрирано со главна приходната шифра 69.200 - Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото нема регистрирано подружници во земјата и странство, ниту пак има сопственички удел во други друштва во земјата и странство.

Согласно одредбите на Законот за ревизија, Друштвото има годишно осигурување од одговорност според Полиса бр. 13001О089896 со минимална сума на покривање од 250,000 ЕУР и период на осигурување од 11.02.2025 година до 11.02.2026 година.

## Опис на професионалната мрежа и правните и структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

Почнувајќи од април 2022 година друштвото стана член на Kreston Global Limited, UK, London. Kreston Global е компанија со ограничена одговорност со седиште во Велика Британија, 7 Bell Yard London WC2A 2JR.




Kreston Global е мрежа од повеќе од 27,500 луѓе во 150 независни фирми членки во повеќе од 110 земји. Основана пред повеќе од 50 години, со цел да им се помогне на бизнисите и луѓето во нивните подвизи на меѓународно ниво.

Секој член на Kreston Global е независна со единствена одговорност за сопствената работа, персоналот и клиентите.

Kreston Global е на 14-та позиција во светската анкета на International Accounting Bulletin.

Kreston Global е управуван од централен оперативен тим, предводен од Лиза Робинс, главен извршен директор. Со него управува глобален одбор составен од фирми-членки кој одржува годишно собрание за сите членови.

Kreston Global е член на Форумот на фирми. Форумот е здружение на меѓународни мрежи на сметководствени фирми. Неговата цел е да промовира конзистентни и висококвалитетни стандарди за финансиско известување и ревизорски практики ширум светот.

## Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија

Со друштвото управува управителот Ненад Тортевски, овластен ревизор.

Во текот на 2024 година друштвото имаше два овластени ревизори. Согласно организационата структура на 31.12.2024 година тие беа на следните позиции:

- Ненад Тортевски - Извршен партнер, Управител;
- Звонко Кочовски - Партнер;

## Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем

Друштвото има донесено политики и процедури за системот на контрола на квалитетот и тоа вклучувајќи ги следните елементи:

- одговорност на лидерот за спроведување на квалитетот во друштвото;
- етички барања;
- прифаќање и продолжување на контактите со клиентот;

- човечки ресурси;
- извршување на ангажман;
- мониторинг.

Политиките и процедурите за системот на контрола на квалитетот се срочени во Упатството за интерните процедури за контрола на квалитетот при ревизија на финансиски извештаи, преглед на финансиски извештаи и други ангажмани врз чија основа се дава уверување. Целта на Упатството е да се обезбеди примена на Меѓународните стандарди за контрола на квалитетот – ISQC 1 ("International Standard on Quality Control 1") и да даде правец во врска со одговорностите на Друштвото за квалитетот на ревизиите на годишните финансиски извештаи и прегледот на финансиски информации, како и за други сродни услуги за кои се дава уверување. Покрај наведеното, целта е да се конкретизираат одговорностите и да се распоредат вработените во склад со нивните функции. Упатството е направено на барање на ISQC 1 како и деловите А и Б од IFAC-Етички кодекс за професионални сметководители и Меѓународниот стандард за ревизија – МСР 220 "Контрола на квалитетот на ревизијата на финансиски извештаи".

Изјавата за функционирање на системот на интерна контрола е дадена како Прилог бр. 1 кон овој Извештај.

## Последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот

Над друштвото е извршена проверка на контрола на квалитет согласно член 20 од Законот за ревизија од страна на ИОРРМ. Во својот извештај од август 2024 година контролата има донесено заклучок – задоволително, но бара понатамошно подобрување. На 01.11.2024 година доставено е известување до СУНР за реализација на препораките и отстранување на идентификуваните недостатоци од спроведената контрола на квалитет.

Над друштвото не е извршена проверка на контрола на квалитет од страна на Kreston Global мрежата.

## Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година

### а) Законски / статутарни ревизии

| Р.б. | Назив на субјекти на ревизија | Тип на дејност |
|---|---|---|
| 1 | Кин Енд Карта Македонија дооел, Скопје | Услуги |
| 2 | АДСДП, Скопје | Управување со имот |
| 3 | Монимакс Финансиско дооел, Охрид | Финансиско друштво |
| 4 | СМС Шопс дооел, Скопје | Управување со имот |
| 5 | Солар Спектар АГ дооел, Скопје | Изведба фотоволтаични централи |
| 6 | Номагас АД, Скопје | Пренос на природен гас |
| 7 | АСУЦ Брокер АД, Скопје | Брокерско друштво |
| 8 | ПИАЗ Инвестмент доо, Скопје | Градежништво |
| 9 | Таб Лимитед дооел, Скопје | Услуги |
| 10 | Ангропромет Тиквешанка АД, Кавадарци | Услуги |
| 11 | Аутомобиле СК доо, Скопје | Трговија |
| 12 | Аутомобили Груп дооел, Скопје | Трговија |
| 13 | Автонова доо, Скопје | Трговија |
| 14 | Беташпед доо, Скопје | Шпедиција |
| 15 | ГТЦ АД, Скопје, Скопје | Управување со имот |
| 16 | Делта Електро дооел, Неготино | Трговија |
| 17 | Хејзл 1 дооел, Скопје | Земјоделство |
| 18 | Инекс Дрим АД, Струга | Хотелиерство |
| 19 | Југококта доо, Штип | Трговија |
| 20 | Интернешнел Хотелс АД, Скопје | Хотелиерство |
| 21 | Кораб Инс АД, Скопје | Застапник во осигурување |
| 22 | Настел доо, Скопје | Градежништво |
| 23 | Слога Пром дооел, Кавадарци | Трговија |
| 24 | Слога Интернационал дооел, Кавадарци | Трговија |
| 25 | Текспорт дооел, Скопје | Производство текстил |
| 26 | Винерс Груп АД, Скопје | Осигурително брокерско |
| 27 | Киел Македонија дооел, Желино | Производство |
| 28 | Мелон Солушнс дооел Скопје | Услуги |

| | | |
|---|---|---|
| 29 | Протектор АД, Скопје | Застапник во осигурување |
| 30 | Мега Аутопартс дооел, Скопје | Трговија |
| 31 | Кораб Инвест доо, Скопје | Услуги |
| 32 | Преобразба дооел, Скопје | Услуги |

### б) Договорни ревизии

| **Р.б.** | **Назив на субјекти на ревизија** | **Тип на дејност** |
|---|---|---|
| 1 | Национална Федерација на Фармери, Скопје | НВО |
| 2 | ХОПС Опции за здрав живот, Скопје | НВО |
| 3 | ТРД Компани 21-М дооел, Скопје | Телевизија |
| 4 | Мицро Инвестмент Фунд | Фонд |
| 5 | АН Арѓент доо, Гостивар | Производство |

### Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

Друштвото има усвоено Политика за независност со цел да се овозможи сите партнери и вработени во Друштвото да бидат објективни и независни од сите ревизорски и неревизорски клиенти и нивните поврзани субјекти. Со оваа политика се дефинираат услугите кои можат или не можат да се извршат од страна на Друштвото како надворешен ревизор. Таа е дизајнирана да му помогне на Друштвото во проценувањето на потенцијалните конфликти на интерес во работата која ќе ја извршуваат ревизорите.

Оваа изјава е дадена како Прилог бр. 2 кон овој Извештај.

### Изјава за политиката што ја следи друштвото во текот на претходната година

Оваа изјава е дадена како Прилог бр. 3 кон овој Извештај.

### Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и од други надоместоци расчленет на четири категории од услуги на ревизија, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги

*Приходите во 2024 година, разграничени по видови се како што следи:*

| **Услуга** | **во илјади денари** |
|---|---:|
| Ревизија на годишни и консолидирани сметки | 10,144 |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет | 6,063 |
| Даночни и советодавни услуги | 49 |
| Други неревизорски услуги | 20,075 |
| **Вкупно** | **36,331** |

### Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува во вид на бруто плата согласно решение од страна на друштвото, а врз основа на позицијата во друштвото, одговорноста и доверените задачи, искуството и години на работен стаж, ангажираноста и сл.

## Континуирано професионално усовршување и обуки на вработените

Во Крестон Македонија се подготвува план на обуки, во кој се предвидува начинот и обемот на обука на вработените и тоа според позицијата кои тие го имаат во работењето. Обуките се поделени на интерни и екстерни обуки, а во рамките на интерните обуки предвидени се т.н. електронски обуки (e-learning), кои означуваат учење преку целосно подготвени презентациски материјали за разни аспекти на ревизијата т.е. Меѓународните стандарди на ревизија.

Во 2024 година потрошени се 98 часови на обука спроведена од страна на овластените ревизори – партнери, кои имаат задолжителна обврска за континуирано професионално усовршување во рамките на ИОРРМ. Со потрошените часови на обука, двајцата партнери го имаат исполнето минималниот број на законски потребните часови за КПУ.

Од страна на останатите вработени во друштвото потрошени се 193 часови на обука во 2024 година.

Скопје, 25.03.2025 година

Управител

Ненад Тортевски

## Прилози кон Извештајот за транспарентност

KRESTON
MACEDONIA

**Прилог бр.1**

**ИЗЈАВА**
**за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет**

Управителот на Друштвото за ревизија Крестон Македонија дооел, Скопје изјавува дека во текот на 2024 година ги имплементирало сите политики и процедури за ефикасно и ефективно функционирање на внатрешниот систем за контрола на квалитетот на Друштвото.

Ненад Тортевски
Управител

knowing you.

Крестон Македонија ДООЕЛ Скопје е фирма членка на Kreston Global. Kreston Global е глобална мрежа на фирми и секоја од нив претставува посебен и самостоен правен ентитет, која не одговара за дејствијата и пропустите на било која друга членка во мрежата. Kreston Global не обезбедува професионални услуги за клиентите во било која земја. Фирмите членки на Kreston Global, се независни и одговорни за професионалните услуги кои ги нудат на своите клиенти.

Крестон Македонија дооел
ул. Пандил Шишков бр.5-1/45, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
ДБ МК4032022552493 | ЕМБС 7569530
+389 79 263 220
kreston.mk | info@kreston.mk

Независна членка на Kreston Global
која е член на Forum of Firms

MEMBER OF THE
FORUM OF FIRMS

**Прилог бр.2**

**ИЗЈАВА**
**за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

Управителот на Друштвото за ревизија Крестон Македонија дооел, Скопје изјавува дека Друштвото е независно во своето работење и дека постојат интерни процедури за проверка на независноста на сите вработени.

Ненад Тортевски
Управител



Крестон Македонија ДООЕЛ Скопје е фирма членка на Kreston Global. Kreston Global е глобална мрежа на фирми и секоја од нив претставува посебен и самостоен правен ентитет, која не одговара за дејствијата и пропустите на било која друга членка во мрежата. Kreston Global не обезбедува професионални услуги за клиентите во било која земја. Фирмите членки на Kreston Global, се независни и одговорни за професионалните услуги кои ги нудат на своите клиенти.

Крестон Македонија дооел
ул. Пандил Шишков бр.5-1/45, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
ДБ МК4032022552493 | ЕМБС 7569530
+389 79 263 220
kreston.mk | info@kreston.mk

Независна членка на Kreston Global
која е член на Forum of Firms

MEMBER OF THE
FORUM OF FIRMS

KRESTON MACEDONIA

**Прилог бр.3**

**ИЗЈАВА**
**за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината**

Управителот на Друштвото за ревизија Крестон Македонија дооел, Скопје изјавува дека Друштвото доследно ја има следено политиката за континуирано професионално усовршување како на овластените ревизори така и на останатите вработени во текот на деловната 2024 година.

Ненад Тортевски
Управител